ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-2300/8
Дата, Data 15. 03. 2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, пречистен текст („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 167/2015 и 27/2016 и 120/2018) и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, по објавениот Јавен оглас бр.3/2021 од 03.03.2021 година за вработување на помошно-технички лица за работното место КДР0401А02061 КВ Водоинсталатер (хлорирање мрежи и резервоари и транспорт на хлор) во Оддел за дезинфекација и одржување на хлоринаторски станици во Одделение за електро-машински работи во Сектор „Експлоатација и одржување на капацитети“ за 1 (еден) извршител, директорот на претпријатието донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас бр.3/2021 објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ на ден 03.03.2021 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место КДР0401А02061 КВ Водоинсталатер (хлорирање мрежи и резервоари и транспорт на хлор) во Оддел за дезинфекација и одржување на хлоринаторски станици во Одделение за електро-машински работи во Сектор „Експлоатација и одржување на капацитети“, се избира кандидатот:

**1. Ведат Адеми**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, и Записникот арх. Бр.0401-2300/5 од 12.03.2021 година од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати, а врз основа на приложената документација со Обрасците за пријава на јавен оглас доставена од кандидатот од која е утврдено декаво целост ги исполнува бараните услови.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 20.03.2021 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатите кои аплицирале на јавниот оглас и да се објави на интернет страницата и огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со одлука арх. Бр.0401-2300/1 од 02.03.2021 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје, распишан е Јавен оглас бр.3/2021 за прием на 1 (еден) извршител на работно место КДР0401А02061 КВ Водоинсталатер (хлорирање мрежи и резервоари и транспорт на хлор) во Оддел за дезинфекција и одржување на хлоринаторски станици во Одделение за електро-машински работи во Сектор „Експлоатација и одржување на капацитети".

Јавниот оглас бр.03/2021 беше објавен на ден 03.03.2021 година во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На јавниот оглас аплицираа вкупно 1 (еден) кандидат.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.03/2021 за вработување помошно-технички лица на неопределено време на ден 12.03.2021 година изврши административна селекција на документите од кандидатот кој аплицирал при што констатира дека апликацијата е уредна. За извршената административна селекција, комисијата изготви Записник со арх. Бр.0401-2300/5 од 12.03.2021 година.

Со балансерот кој е составен дел од Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП Водовод и канализација Скопје, за ова работно место предвидено е кандидатот да е припадност на заедницата:Албанец.

Со оглед дека на јавниот оглас аплицирал само 1 (еден) кандидат кој ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас, се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука:Против оваа Одлука Незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARRJA PUBLIKE • ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI • СКОПЈЕ SHKUP